РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4188/2

10-06-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 49-та седница одржана на ден 07.06. 2021 година донесе

**Одлука**

Пријавата со број 12-4188/1 од 09.12.2020 година, која до ДКСК е доставена од подносителот Адвокатска канцеларија - Адвокат --------- ----------- од ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување во предметот 12-4188 од 2020 година оформен по пријавата со број 12-4188/1 од 09.12.2020 година, а по однос на наводите за постапувањето на судијата пријавата ќе се достави на надлежно постапување на Судски совет на РСМ.

Предметот со број 12-4188 од 2020 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со обрзложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-4188 од 2020 година е оформен по пријава бр.12-4188/1 од 09.12.2020 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител - Адвокатска канцеларија - Адвокат --------- ----------- од ----------.

Доставената пријава е всушност кривична пријава доставена против повеќе лица поради сомневање дека ја злоупотребиле службената положба и овластување при одлучувањето во предмет по постапка за отворен стечај над должникот --------- -------- ----------. Подносителот на пријавата до ДКСК, кривичната пријава ја доставува во својство на законски застапник - адвокат на оштетените работници кои биле вработени во наведеното правно лице а во врска со остварување на права од парични побарувања и предметните наводи се изнесени против еден судија од ОС -------, стечајните управници, одборот на доверители на наведеното ДОО во стечај, едно правно лице - ДОО од ----- и две физички лица од ------ .

При разгледувањето на предметниот случај, ДКСК ги зема во предвид предметните наводи и по извршен увид во приложената документација го констатира следното:

- Во конкретниот случај станува збор за наводи за стечајна постапка над правното лице --------- ---- ----- ----------, во 2014 година и во пријавата се наведува дека сите пријавени лица врз основа на претходен договор ја злоупотребиле својата службената положба и овластување во предметот - Стечајна

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

постапка ---------- заведена пред Основниот суд Скопје 2 Скопје и утврдените парични побарување на оштетените кои биле наведени во Содржинскиот дел од Планот на реорганизација, не ги исплатиле т. е. не го спровеле наведениот План за реорганизација, а донеле Решение дека истиот го реализирале во целост и со Решение на Основен суд Скопје 2 Скопје на 19.10.2019 година стечајниот должник го избришале од Централен регистер, а веднаш потоа било формирано ново друштво ------ ------- ----- ДООЕЛ -------, а со што им била нанесена директна штета на оштетените работници и им должеле долг по однос на неисплатени плата, хранарина и превоз како основен долг и по однос на неисплатена камата и придонеси за пензиско инвалидско осигурување, а кои тие не можеле до денес да ги наплатат овие свои парични побарувања кои произлегуваат од работен однос.

Кривичната пријава е доставена од страна на законски застапник - адвокат на оштетените работници, (------------------------------------------------------------------------------------------------------------ ---------, кои биле вработени во наведеното правно лице и во конкретниот случај се работи за прашање на остварување на права од парични побарувања кои произлегуваат од нивниот работен однос, а со пријавата се бара против наведените лице да се поведе постапка од страна на ДКСК и во прилог е доставена документација за увид, како и се бара за преземената постапка тие да бидат известени преку нивниот полномошникот -адвокат .

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во предметниот случај се работи за прашања кои не се во надлежност на постапување на Државната комисија, а кои се однесуваат на остварувањето на правата на работник во стечајна постапка која била поведена над стечајниот должник во 2014 година и била завршена во 2019 година а во која поранешно вработените лица се јавуваат како доверители по основ на пријавени побарувања за неисплатени плати, надоместоци и придонеси и на кои им останало нерешено прашањето по однос на остварување на овие права како парични побарувања во постапката, кои произлегуваат од работен однос на вработените. Со оглед на утврдената фактичка состојба за предметниот случај, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино надлежно постапување во предметниот случај, предметната пријава да се отфрли и предметот да се затвори, а по однос на предметните наводи за постапувањето на судијата пријавата да се достави на надлежно постапување на Судски совет на РСМ. Воедно, подносителот на пријавата да се упати кривичната пријава да ја достави до органот кој е надлежен за постапување односно, до ЈО на РСМ.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива и Подносителот

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : С.П.Д.,член на ДКСК